ПРЕДЛОГ

Врз основа на чл. 57 точка 6 од Статутот на А.Д. Мода и членовите 487, став 1, точка 1 и член 490 од Законот за трговски друштва, Собранието на А.Д. Мода на својата седница од 21.04.2012 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за утврдување на датуми за исплата на дивиденда за 2011 година

## ( дивиденден календар)

### Член 1

Согласно Одлуката за употреба и распредување на нето добивката остварена по годишната сметка за 2011 година, на акционерите им се исплатува дивиденда за 2011 година во висина од 20,635 денари нето, односно 22,928 денари бруто, за една акција.

Дивидендата ќе биде исплатена во готово на трансакциските сметки на акционерите.

### Член 2

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2011 година е 26.04.2012 година.

### Член 3

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2011 година е 27.04.2012 година.

### Член 4

Исплатата на дивидендата за 2011 година ќе се изврши најдоцна до 30.09.2012 год.

### Член 5

Данокот на исплатена дивиденда (ДД-ИД) , како и персоналниот данок на доход за физичките лица и задржаниот данок на странските правни лица го пресметува, задржува и уплатува исплатувачот на дивидендата.

### Чл. 6

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Собрание на АД МОДА

Претседавач

_________________________